РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 12 - 5453/2

22 -07- 2020 г./v.

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), постапувајќи по пријава поднесена од подносителот – ------ --------- на Република Северна Македонија на 02.12.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, на продолжението на 31-та седница одржана на 16.07.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата поднесена од подносителот – ------- ------ на Република Северна Македонија, до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-5453/1 од 02.12.2019 година, со која се доставува на постапување претставка од физичко лице во која се известува за побарани парични средства од страна на судијата што го води предметот со цел да биде пресудено во негова корист во врска со предмет ---------------------------------------- на Основен суд -------------, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата по увидот во содржината на пријавата утврди дека нема елементи за нејзино натамошно надлежно постапување по предметот, односно станува збор за постапување на друг надлежен државен орган.

Предметот со број 12-5453/1 од 02.12.2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-5453/1 од 02.12.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од подносителот – ------ ----- на Република Северна Македонија.

Во пријавата со која се доставува на постапување претставка од физичко лице, заведена во ---------------------------- на Република Северна Македонија под број ------------------- од 30.08.2019 година, се известува за побарани парични средства од страна на судијата што го води предметот со цел да биде пресудено во корист на лицето во врска со предмет ----------------------------------------- на Основен суд ----------------.

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

По спроведената постапка за утврдување на фактичката состојба и проверка на основаноста на наводите содржани во пријавата, Државната комисија за спречување на корупцијата на седницата констатира дека согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема надлежност за натамошно постапување по предметот, односно за постапување по претставки и поплаки на граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите надлежен е Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК:
Изработил: м-р Билјана Каракашова Шулев, Советник

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател**
**Катица Николовска**